пример бр. 1

отфрлена тужба

1 «Рев2.бр.393/2019»

Рев2.бр.393/2019

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: [redacted] - претседател на советот, [redacted] - членови на советот, во правната работа на тужителот Г.К. од П., против тужениот РМ – Министерство, за надомест на штета поради неоравдан притвор, вредност на спорот 1.200.000,00 денари, одлучувајќи по ревизијата на тужителот изјавена преку полномошникот Туше Гошев адвокат од С., против пресудата на Апелациониот суд Скопје ГЖ-5372/17 од 23.08.2018 година, на седницата одржана на ден 03.12.2019 година, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

Ревизијата на тужителот, СЕ УСВОЈУВА.

Решението на Апелациониот суд Скопје ГЖ-5372/17 од 23.08.2018 година и решението на Основниот суд Скопје II Скопје П4-703/15 од 27.03.2017 година, СЕ УКИНУВААТ и предметот се враќа на првостепениот суд на повторно судење.

## О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје II Скопје со решение П4-703/15 од 27.03.2017 година, ја отфрлил тужбата на тужителот да се задолжи тужениот, да му исплати нематеријална штета поради незаконито издржана мерка притвор во износ од 1.200.000,00 денари од кои за душевна болка поради намалена животна активност износ од 400.000,00 денари, за претрпен страв износ од 400.000,00 денари и за повреда на честа и угледот износ од 400.000,00 денари, со законска казнена камата од 12.11.2013 година до исплатата. Го задолжил тужителот да му ги надомести на тужениот трошоците на постапката во износ од 64.740,00 денари во рок од 15 дена по приемот на одлуката, под страв на присилно извршување.

Апелациониот суд Скопје со решение ГЖ-5372/17 од 23.08.2018 година, ја одбил како неоснована жалбата на тужителот и го потврдил решението на Основен суд Скопје II Скопје П4-703/15 од 27.03.2017 година.

Против второстепеното решение ревизија изјави тужителот преку

неговиот полномошник, поради суштествени повреди на одредбите на парничната постапка и погрешна примена на материјалното право, со предлог ревизијата да се усвои, побиваното решение и првостепеното решение да се укинат и предметот да се врати на повторно судење на првостепениот суд.

Врховниот суд на Република Северна Македонија, по проучување на списите во предметот и наводите во ревизијата, испитувајќи го побиваното решение во смисла на одредбата 391 став 3 во врска со член 377 став 3 од Законот за парничната постапка, најде:

Ревизијата е основана.

Основан е наводот во ревизијата за сторена суштествена повреда на одредбите од член 343 став 2 точка 14 од Законот за парничната постапка, од причина што решенијата се нејасни, неразбирливи и немаат доволно образложени причини за решителните факти, поради што не можат да се испитаат.

Имено, пониските судови тужбата на тужителот ја отфрлиле од причина што утврдиле дека тужителот не постапил согласно посебната постапка од Законот за кривичната постапка, од глава XXXVI за надомест на штета, рехабилитација и за остварување на другите права на лица неоправдано осудени и неосновано или незаконито лишени од слобода. Тужителот ја поднел предметната тужба на ден 12.11.2013 година а тужителот за прв пат се обратил до Министерството во текот на постапката односно на ден 13.05.2016 година. Поради тоа, пониските судови застанале на стојалиште дека тужителот за да може да поднесе тужба за надомест на штета, бил должен претходно да поднесе барање за надомест на штета до Министерството, согласно член 550 став 2 од Законот за кривичната постапка.

Согласно член 550 став 1 од Законот за кривичната постапка, правото на надоместок на штета застарува за три години од денот на правосилноста на пресудата со која обвинетиот е ослободен од обвинението или со кое обвинението е одбиено, односно во рок од три години од правосилноста на решението со кое обвинителниот акт бил отфрлен или постапката е запрена, а ако по повод жалбата решавал повисокиот суд во рок од три години од денот на приемот на одлуката на повисокиот суд.

Според став 2 од истиот член, пред поднесувањето на тужба за надоместок на штета до судот, оштетениот е должен со свое барање да се обрати до Министерството заради постигнување спогодба за постоење на штета и за видот и висината на надоместокот.

По наоѓање на овој суд, ваквото стојалиште на пониските судови е погрешно. Во конкретниот случај, видно од списите на предметот, неспорно е утврдено дека тужителот тужбата за надомест на штета ја поднел на 12.11.2013 година, а барањето за надомест на штета до Министерството го поднел на 13.05.2016 година, што значи после поднесувањето на тужбата. Меѓутоа, иако тужителот барањето го поднел после тужбата, истиот не го губи правото со тужба во граѓанска парница да бара надомест на штета за водената кривична постапка, од причина што во текот на постапката тужениот можел да се произнесе за поставеното барање во понапред предвидените рокови. Ова особено ако се има во предвид фактот дека судовите во текот на постапката пред да ја отфрлат предметната тужба имале сознание односно утврдиле дека тужителот поднел оштетно барање до Министерството од кој не добил одговор по однос на оштетното барање. Оттука, пониските судови погрешно одлучиле кога тужбата на тужителот ја отфрлиле.

Имајќи го во предвид сето погоре изложено, следуваше овој суд ревизијата на тужителот да ја усвои, решенијата на пониските судови да ги укине, согласно член 385 став 1 од Законот за парничната постапка и предметот да го врати на повторно судење на првостепениот суд.

При повторното судење, првостепениот суд треба да ги има предвид напред наведените укажувања, по истите да постапи, а потоа со правилна примена на материјалното право да донесе правилна и законита одлука која ќе може во целост да се испита.

Решено во Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 03.12.2019 година под Рев2.бр.393/2019.

Претседател на советот - судија
[redacted]

За точноста на отправокот – т в р д и:секретар,